# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА
# ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО БРОЈ 2

# СОДРЖИНА


| Ред. број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1 | Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2026 година | 4 |
| 2 | Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Зелениково со состојба на 31.12.2025 година | 5 |
| 3 | Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територија на Општина Зелениково за 2026 година | 7 |
| 4 | Одлука за ослободување од плаќање на надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект – планинарски дом | 15 |
| 5 | Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на КП 301/2 и дел на КП 301/3 и КП 298 КО Пакошево | 16 |
| 6 | Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на КП 457 КО Орешани | 18 |
| 7 | Одлука за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на КП 646 и дел на КП 647 КО Ново Село/Драч | 19 |
| 8 | Одлука за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи, на дел од КП 71, дел од КП 76 и дел од КП 75 КО Градовци, Општина Зелениково | 21 |
| 9 | Одлука за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба: Е1 – Сообраќајни линиски и други инфраструктури, на дел од КП 76 КО Градовци и дел од КП 458 КО Зелениково, Општина Зелениково | 22 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2026 година

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Зелениково за 2026 година, донесена на 7 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 18.02.2026 година.

**Број 08-02/10**
**Датум 23.02.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Општина Зелениково-Совет
Komuna e Zelenikovë-Këshili
Бр.-Nr.
20 год.-viti
Зелениково/Zelenikovë

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ" бр.5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24 ), член 29 став 1 од Законот за финансирање на ЕЛС („Сл.весник на РМ" бр.61/04, 96/04,,67/07,156/09,47/11,192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на општина Зелениково на седниицата одржана на ден 18.02.2026 год ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ЗЕЛЕНИКОВО**

**за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ЗЕЛЕНИКОВО за 2026 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A10** | **ИЗБОРНИ АКТИВНОСТИ И РЕФЕРЕНДУМИ** | | | | | |
| 464990 | Други трансфери | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F10** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | -999.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J30** | **ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 499.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 10-94/1
18.02.2026

Претседател на Советот на Општината
**Миле Димовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**РЕШЕНИЕ**
за објавување на Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Зелениково со состојба на 31.12.2025 година

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Зелениково со состојба на 31.12.2025 година, донесена на 7 –та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 18.02.2026 година.

**Број 08-02/11**
**Датум 23.02.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 05/02" и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 29 и 30 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници („Службен весник на РМ" бр.28/03, 62/06, 08/09, 175/11 и 101/13) и член 23 од Статутот на Општина Зелениково („Службен гласник на општина Зелениково" бр.9/2019), Советот на општина Зелениково на 7-та седница одржана на ден 18.02.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
за усвојување на Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Зелениково со состојба на 31.12.2025 година

Член 1
Со оваа Одлука се усвојува Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Зелениково со состојба на ден 31.12.2025 година број 05-91/1 од 16.02.2026 година.

Член 2
Извештајот од Пописната комисија за извршениот попис на основни средства, побарувања, обврски и благајна на ден 31.12.2025 година, оригиналните пописни листи и пропратните документи за вршење попис за 2025 година заедно со оваа Одлука да се достават до Одделението за финансиски прашања.

Член 3

Одделението за финансиски прашања се задолжува да ги спроведе потребните сметководствени работи во согласност со Извештајот на пописната комисија за извршениот попис со состојба на ден 31.12.2025 година.

Член 4

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Зелениково.

**Број 10-95/1**
**Датум 18.02.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територија на Општина Зелениково за 2026 година

Се објавува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територија на Општина Зелениково за 2026 година, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 18.02.2026 година.

**Број 08-02/12**
**Датум 23.02.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/2002), и член 23 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Зелениково (Службен гласник број 09/2019), Советот на Општина Зелениково на 7 - та седница одржана на 18.02.2026 година, ја донесе следната

# ПРОГРАМА
## за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Зелениково за 2026 година

Вовед

Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се донесува согласно член 11 и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на РМ број 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и Службен весник на РСМ број 257/20) и Елаборат за спроведување на превентивна системска дератизација на јавната површина на територија на Општина Зелениково број 13-257/1 од 26.01.2026 година и Елаборат за спроведување на превентивна дезинсекција за спречување и сузбивање на вектор преносливи заболувања на територија на Општина Зелениково број 13-274/1 од 26.01.2026 година доставени од ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје.

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2026 година.
Програмата дефинира 5 општи мерки за заштита на населението на општина Зелениково од заразни болести, кои ќе се спроведат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон и тоа:

### I. Општа мерка

*ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ИСПРАВНОСТА НА ВОДАТА И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ*

1. Цел - Снабдување на населението со безбедна вода за пиење.

Активности - Согласно Правилникот за безбедност на водата („Сл.Весник на РМ" бр.46/08), анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на

мониторингот се врши од страна на Центарот за јавно здравје Скопје и Институтот за јавно здравје Скопје.
Во текот на годината се вршат редовни санитарно-хигиенски теренски увиди на јавните водоснабдителни објекти со оценка за сигурност на објектот и можност за евентуални загадувања и ризик поздравјето на населението. На општинскиот водовод се врши санитарно-хигиенски увид 8 пати годишно, локалните селски водоводи и селата без локални водоводи најмалку 2 теренски увиди годишно. Останатите јавни објекти – крајпатни чешми, споменички чешми, чешми во рекреативни подрачја и други ќе бидат опфатени најмалку два пати годишно. Квалитетот на водата се контролира со земање на мостри за бактериолошка и физичко-хемиска анализа, а бројот на мострите за бактериолошка и физичко-хемиска анализа е одреден според правилникот за безбедност на водата (Сл. Весник на Р.М. 46/08) и врз основа на санитарен хигиенски увид и анализа се издава стручно мислење. Финансиските средства за спроведување ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈКП Зелениково и Општина Зелениково.

**II. Општа мерка**

*ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ И ДРУГ ЦВРСТ И ТЕЧЕН ОТПАД НА НАЧИН ШТО ЌЕ ОНЕВОЗМОЖИ ЗАГАДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА*

1. Цел - Отстранувањето на цврст отпад (смет) е континуиран процес што обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

Активности - Одржувањето на чистотата на јавните површини, празнењето и чистењето на садовите за смет од јавните површини и собирањето, изнесувањето и депонирањето на смет и други отпадоци од станбени, деловни и други корисни површини во Општина Зелениково, го врши ЈКП Зелениково на начин и технологија на чистење, како и обем на работите со одделни и вкупни вредности на програмираните работи. На 15-20км од општината Зелениково постои депонија Дрисла каде што се носи отпадот само од пет поголеми населени места, а од други населени места отпадот се носи по диви депонии што претставува и проблем за општината.

2. Цел - Заштита на вработените, кои што вршат отстранување на отпадот и во својата работа се изложени на опасност заради контакт со отпад, со што би се спречило, првенствено, настанување, а потоа и ширење на заразни болести.
Активности

- редовно обновување на опремата за работа (заштитна униформа, алат исл.).

- Вработените во ЈКП "Зелениково" на секои шест месеци вршат здравствено-санитарни прегледи за што резултатите од прегледите се впишуваат во санитарни книшки.

Финансиските средства за втората Цел ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈКП Зелениково.

### III. Општа мерка

*ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА САНИТАРНО-ТЕХНИЧКИ И ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ ВО ЈАВНИ ОБЈЕКТИ – УЧИЛИШТА*

Училиштата се потенцијални жаришта на заразни болести, па поради тоа потребно е водење грижа во повеќе сегменти. На територијата на општина Зелениково има:

- Основно училиште

| | |
|---|---|
| 1 | Зелениково<br>ООУ "Марко Цепенков" |
| 2 | Страхојадица<br>ПОУ "Марко Цепенков" |
| 3 | Смесница<br>ПОУ "Марко Цепенков" |
| 4 | Гумалево<br>ПОУ "Марко Цепенков" |
| 5 | Дејковец<br>ПОУ "Марко Цепенков" |
| 6 | Тисовица<br>ПОУ "Марко Цепенков" |
| 7 | Вражале<br>ПОУ "Марко Цепенков" |
| 8 | Орешани<br>ПОУ "Марко Цепенков" |

- Општински јавни установи од областа на културата, социјалната и детската заштита

| | |
|---|---|
| 1 | Детска градинка "Зеленика" |

1. Цел - Следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи за спречување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најранливата група – децата, како и санитарно-хигиенска контрола во

училиштата со земање примерок вода за физичко хемиска и бактериолошка анализа според Националната програма за јавно здравје на РСМ (Сл.Весник на РМ бр.16/2021год.).

Активности - Обезбедување на хигиенско – технички услови во училишните и предучилишните установи

За проценка на здравствено- еколошкиот ризик од ширење на заразни заболувања во основните училишта кои ги покрива Центарот за јавно здравје Скопје и Институтот за јавно здравје Скопје ќе се вршат:

- санитарно – хигиенски увиди во селектирани училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните Активности во Националната годишна програма за јавно здравство за 2026 година. Со примена на методологија согласно посебно изработено стручно-методолошко упатство од страна на Институтот за јавно здравје-Скопје. Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во Општина Зелениково како и на ниво на РСМ, со предлог мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на здравјето на училишната популација.

Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

- вршење на здравствени прегледи врз вработени во гореспоменатите училишта согласно законските прописи. Начинот на вршење, содржината на прегледите, видовите на прегледите на вработените, како и формата и содржината на санитарната книшка, ги пропишува министерот за здравство.

2. Цел - Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во образовните установи за да се обезбеди здрава средина.

Активности - Во училиштата превентивната дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна на 6 месеци. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација се врши пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие на учебната година.

3. Цел - Создавање здрави поколенија преку постојано следење на здравствената состојба на учениците и нивна имунизација.

Активности - За систематските прегледи и имунизацијата на учениците, надлежна е Поликлиника Драчево, која според изготвениот распоред на прегледи и вакцинирање навремено ги известуваат училиштата за распоредот и термините.

Училиштата имаат назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа во назначениот термин ќе го организира прегледот и вакцинирањето по одделенија.

Се вакцинираат учениците од I - 6 години, II - 7 години и IX - 14 години.
Систематски преглед се врши во I одделение, III одделение, V одделение и VII одделение
Финансиски средства за Активностите под Цел 3 не се потребни.

4. Цел - Одржување на хигиената во училиштата за да се спречи и оневозможи ширење на заразни болести

Активности
- континуирано одржување на хигиена на училишните простории;
- континуирана дезинфекција во училниците и во санитарните јазли;
- течен сапун во тоалетите;
- замена (каде што има потреба) на чучавци со WC школки;
- зголемување на бројот на хигиеничари;
- обезбедување здраствено исправна вода за пиење.

Финансиски средства за Активностите под Цел 4 ќе обезбедат училиштата од сопствените буџети

**IV. Општа мерка**

*ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНО - ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО*

Работите од оваа проблематика се директно поврзани со проблемите од социјалната сфера со што дел од активностите кои опфаќаат промоција на здравјето и превенција од заразни болести, се опфатени и во програмата.

1. Цел - Промоција на здравјето и превенција од заразни болести преку здравствена едукација на учениците во основните училишта на територијата на општината.

Притоа населението редовно ќе се информира за вектор преносливите заразни заболувања (преку учество на локална телевизија и радио), изработка на информативно-едукативни летоци, брошури и флаери. Непосредната комуникација на терен со месното население ќе биде важен сегмент со цел подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и справување.
Финансиски средства за реализација на оваа Цел не се потребни.

**V. Општа мерка**

*ВРШЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА И ДРУГИ ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ЈАВНИ ПОВРШИНИ*

1.Цел - Уништување на комарците и синантропните и хемисинантропните глодари, односно намалување на бројноста на популацијата до ниво на толеранција, се спроведува поради две причини:

- Квалитетот на живеење
- Епидемиолошки интерес – заразените комарци и глодари се биолошки вектор (преносители на заразни болести)

Активности

• Извршување превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на јавна површина на територијата на општината како една од општите мерки за спречување и ставање под контрола на заразните болести (Регулирано со Закон за здравствена заштита на населението од заразни болести Сл. весник на Р.М бр.66/04, 139/08 и 99/09).

• Подигнување на свеста на населението и постојана едукација за нивната улога во борбата против глодарите и комарците (флаери, медиуми и друг начин на информирање).
Рок: во текот на годината

• Теренска проценка и санитација на околината (елиминација на гнездата за размножување на локално (општинско) земјиште: отстранување на стоечките води, бари, отворени и запуштени канали, диви депонии и места каде се собира атмосферската вода кои претставуваат средина за размножување на комарците.
Рок: во текот на годината

• Евидентирање (мапирање) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата која ја покрива, при што ќе се достави информација за севкупната површина и достапноста на потенцијалните места за размножување на комарците.
Рок: јануари-март

• Ларвицидна дезинсекција
Рок: од март до септември еднаш месечно

• Адултицидна дезинсекција
Рок: од мај до септември еднаш месечно

• Мониторинг над текот на спроведувањето и квалитетот на спроведената дезинсекција
Рок: Веднаш

• Системска дератизација (пролетна и есенска) на канализациониот систем
Рок: пролетна – март / април

есенска -октомври / ноември

• Спроведување на дератизацијата во предучилишни и училишни објекти, Месни заедници, депонии, Домови на Културата итн.
Рок: еднаш годишно, по потреба и почесто

• Информирање на граѓаните преку медиумите за почеток на акцијата
Рок: Најмалку 7 дена пред отпочнување на акцијата

Динамика на спроведување на дератизациониот процес

Дератизацијата се изведува два пати годишно (пролет / лето). Во таа смисла дератизацијата е многу специфична и сите активности кои треба да се превземат во таа насока се поделени на:
1. Период на подготовки
2. Период на тестирање
3. Период на контрола

1. Во подготвителниот период, со увид во планот на канализациската мрежа на општина Зелениково се утврдува:
- должината и правецот на простирање на мрежата
- бројот на улични и дворни шахти по населби (постојат околу 285 шахти)
- видот и количината на родентицидните мамци, според градежно-техничките карактеристикии услови кои владеат во канализационите шахти-степенот на инфестација со штетните глодари во јавно прометните површини
- бројот на работните екипи, секоја составена од два санитарни техничари, квалификувани за таа мерка
- терминот за започнување на акцијата врз основа на податоци за временските услови во тој период
- воспоставување соработка со вработените во ЈП Водовод и Канализација за нивно учество во отварањето на шахтите
- доставување информација до градските власти за сите превземени активности во овој период на подготовки, како и точниот термин за започнување на систематската дератизација.

2. Во периодот на третирање или т.н. интензивна дератизација, целата активност се базира на добиените податоци од подготвителниот период. Начинот, условите и динамиката на спроведената акција, зависи од степенот на инфестација со штетните глодари, на целото подрачје на Општина Зелениково. Сузбивањето и намалувањето на популацијата на штетните глодари се спроведува со поставување хемиски препарати (родентициди) 100г. во шахта и извршителот на дератизацијата треба да има Решение од Министерството за здравство на Р.С.М. за пуштање во промет на препаратот како биоциден производ. Во предучилишните и училишните објекти, Домови на Култура, месни

заедници, јавна администрација како и во станбените објекти се поставува мамец од 50гр. на секои 10м².

3. Контрола се спроведува 3 седмици по третирањето.

Финансиските средства се обезбедуваат согласно законската регулатива.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Зелениково".

**Број 10-96/1**
**Датум 18.02.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

## РЕШЕНИЕ
за објавување на Одлука за ослободување од плаќање на надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект – планинарски дом

Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект – планинарски дом, донесена на 7 - та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 18.02.2026 година.

**Број 08-02/13**
**Датум 23.02.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), а во согласност со член 20 став 5 од Законот за постапувањесо бесправно изградени објекти (Службен весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 125/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и Службен весник на РСМ бр. 174/21), Советот на Општина Зелениково на 7-седница одржана на ден 18.02.2026 година, ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**за ослободување од плаќање надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект – планинарски дом**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Зелениково се ослободува од плаќање надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект – планинарски дом, изграден на КП 1370 КО Градовци, во износ од 27.600,00 денари.

**Член 2**

Бесправниот објект изграден на КП 1370 КО Градовци, е заведен во геодетски елаборат бр.708/3-2014 од 31.10.2024 година, изработен од Алфа-Геодет Дооел Скопје, издадена урбанистичка согласност уп.бр. 09-1567/6 и со Заклучок за плаќање надомест за утврдување на правен статус на бесправен објект уп.бр. 09-1567/7.

**Член 3**

Надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект – планинарски дом, изграден на КП 1370 КО Градовци, изнесува 27.600,00 денари.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-97/1**
**Датум 18.02.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

## РЕШЕНИЕ

за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти

Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на КП 301/2 и дел на КП 301/3 и КП 298 КО Пакошево, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 18.02.2026 година.

**Број 08-02/14**
**Датум 23.02.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11 и 162/12), Советот на Општина Зелениково, на седницата одржана на ден **18.02.2026 година** донесе

## ОДЛУКА

**за донесување на урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на **Урбанистичко – планска документација за с. Пакошево,** со која ќе се опфати бесправниот објект кој се наоѓа во **КО Пакошево КП 301/2 и дел на КП 301/3 и КП 298,** а кој ги исполнува стандардите утврдени во алинеите 1, 2 и 3 од членот 1 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Во новата урбанистичко – планска документација намената на земјиштето да се предвиди соодветно на намената на бесправните објекти според фактичката ситуација и согласно соодветната важечка законска регулатива.

**Член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко - планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11 и 162/12), а врз основа на постапување по доставено барање **бр.09-33/1 од 21.03.2018 година,** за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во **КО Пакошево КП 301/2 и дел на КП 301/3 и КП 298.**

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Зелениково".

**Број 10-100/1**
**Датум 18.02.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти

Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на КП 457 КО Орешани, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 18.02.2026 година.

**Број 08-02/15**
**Датум 23.02.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11 и 162/12), Советот на Општина Зелениково, на седницата одржана на ден **18.02.2026 година** донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на **Урбанистичко – планска документација за с. Орешани,** со која ќе се опфати бесправниот објект кој се наоѓа во **КО Орешани КП 457,** а кој ги исполнува стандардите утврдени во алинеите 1, 2 и 3 од членот 1 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Во новата урбанистичко – планска документација намената на земјиштето да се предвиди соодветно на намената на бесправните објекти според фактичката ситуација и согласно соодветната важечка законска регулатива.

**Член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко - планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11 и 162/12), а врз основа на постапување по доставено барање **бр.09-894/1 од 18.08.2011 година,** за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во **КО Орешани КП 457.**

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Зелениково".

**Број 10-102/1**
**Датум 18.02.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти

Се објавува Одлуката за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти на КП 646 и дел на КП 647 КО Ново Село/Драч, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 18.02.2026 година.

**Број 08-02/16**
**Датум 23.02.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11 и 162/12), Советот на Општина Зелениково, на седницата одржана на ден **18.02.2026 година** донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на урбанистичко - планска документација со која ќе се изврши вклопување на бесправните објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на **Урбанистичко – планска документација за с. Ново Село,** со која ќе се опфати бесправниот објект кој се наоѓа во **КО Ново Село/Драч, КП 646 и дел на КП 647,** а кој ги исполнува стандардите утврдени во алинеите 1, 2 и 3 од членот 1 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација.

**Член 2**

Во новата урбанистичко – планска документација намената на земјиштето да се предвиди соодветно на намената на бесправните објекти според фактичката ситуација и согласно соодветната важечка законска регулатива.

**Член 3**

Одлуката се носи во согласност со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко - планска документација ("Сл.весник на РМ" бр.56/11 и 162/12), а врз основа на постапување по доставено барање **бр.09-01/1 од 11.01.2016 година,** за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во **КО Ново Село/Драч, КП 646 и дел на КП 647.**

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во "Службен гласник на Општина Зелениково".

**Број 10-101/1**
**Датум 18.02.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02 и "Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

## РЕШЕНИЕ

за објавување на Одлука за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи, на дел од КП 71, дел од КП 76 и дел од КП 75 КО Градовци, Општина Зелениково

Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи, на дел од КП 71, дел од КП 76 и дел од КП 75 КО Градовци, Општина Зелениково, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 18.02.2026 година.

**Број 08-02/17**
**Датум 23.02.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), а согласно член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Зелениково на 7 - седница одржана на 18.02.2026 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи, на дел од КП 71, дел од КП 76 и дел од КП 75 КО Градовци, Општина Зелениково

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи, на дел од КП 71, дел од КП 76 и дел од КП 75 КО Градовци, Општина Зелениково, поднесена од физичко лице Оливер Апостоловски од Скопје, ул.Борис Трајковски бр.64Б.

**Член 2**

Одлуката за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена А1 – Домување во куќи, на дел од КП 71, дел од КП 76 и дел од КП 75 КО Градовци, Општина Зелениково, претставува основ за вградување во Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во Општината Зелениково за 2026 година донесена од Советот на Општина Зелениково под бр.10-499/1 од 05.12.2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-98/1**
**Датум 18.02.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02 и "Службен весник на РСМ" број 202/24), Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлука за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба: Е1 – Сообраќајни линиски и други инфраструктури, на дел од КП 76 КО Градовци и дел од КП 458 КО Зелениково, Општина Зелениково

Се објавува Одлуката за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба: Е1 – Сообраќајни линиски и други инфраструктури, на дел од КП 76 КО Градовци и дел од КП 458 КО Зелениково, Општина Зелениково, донесена на 7-та седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 18.02.2026 година.

**Број 08-02/18**
**Датум 23.02.2026 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), а согласно член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Советот на Општина Зелениково на 7 - седница одржана на 18.02.2026 година, ја донесе следнава:

## О Д Л У К А

за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба: Е1 – Сообраќајни линиски и други инфраструктури, на дел од КП 76 КО Градовци и дел од КП 458 КО Зелениково, Општина Зелениково

### Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба: Е1 – Сообраќајни линиски и други инфраструктури, на дел од КП 76 КО Градовци и дел од КП 458 КО Зелениково, Општина Зелениково, поднесена од физичко лице Оливер Апостоловски од Скопје, ул.Борис Трајковски бр.64Б.

**Член 2**

Одлуката за прифаќање на Иницијативата за изработка на Урбанистички проект за градежно земјиште за општа употреба: Е1 – Сообраќајни линиски и други инфраструктури, на дел од КП 76 КО Градовци и дел од КП 458 КО Зелениково, Општина Зелениково, претставува основ за вградување во Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти во Општината Зелениково за 2026 година донесена од Советот на Општина Зелениково под бр.10-499/1 од 05.12.2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 10-99/1**
**Датум 18.02.2026 година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Миле Димовски с.р**